# И н ф о р м а ц и ј а
# за извршени оперативни активности на
# ЈП Комунална хигиена за 2017 година

**ВОВЕД**

ЈП Комунална хигиена врши дејност од јавен интерес и како Претпријатие формирано од страна на Градот е јавен сервис за одржување на комуналната хигиена на подрачјето на Град Скопје. Претпријатието учествува во постапувањето со комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје и во поголемиот дел од руралните средини кои се составен дел на скопските Општини.Постапувањето со комуналниот отпад (собирање, транспортирање) е составен дел на интегрираното управување со отпадот во Градот.

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Чистење на септички јами;
- Подигнување на згазени и умрени животни и заловување и третман на кучиња – скитници во стационар
- Подигнување – собирање на кабаст отпад

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

## I. СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

### Број и видови на садови за времено одлагање на комуналениот отпад

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок.

Вкупниот број на поставени наменски садови – контејнери во Градот и во руралните подрачја во 2017 година изнесуваше:

| | |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1.100 литри** | **4.231** |
| - поставени во урбани средини | 4.213 |
| - поставени во рурални средини | 18 |
| **2. Пластични канти од 120 литри/собирни места *** | **79.553** |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 64.291 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 13.691 |
| - импровизирани садови/неповратна амбалажа во рурални средини | 1.571 |
| **3. Контејнери за комунален и друг вид неопасен отпад од правни лица** | |
| - контејнери од 5.000 литри | 420 |
| - контејнери од 1.100 литри | 668 |

Вкупниот број на микро локации со подземни контејнери изнесуваат 39 микро локаци и тоа:

1. Во Општина Центар – 16 микролокации
2. Во Општина Чаир – 5 микролокации
3. Во Општина Кисела Вода - 6 микролокации
4. Во Општина Гази Баба – 6 микролокации
5. Во Општина Аеродром – 6 микролокации

Вкупно: 39 микролокации

На секоја микролокација има по три контејнери за мешан комунален отпад – вкупно 113 контејнери.

Со осовременување на системот за времено складирање и подигање на комуналниот отпад се подобрува јавната хигиена во Градот.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери кај домаќинства и од подземните контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно, а кај правните субјекти согласно постигнатиот меѓусебен договор и потребите на корисникот.

## Собран и транспортиран комунален отпад од Градски и Рурални подрачја

Во текот на 2017 година од подрачјето на Град Скопје и од руралните средини собрани се и транспортирани **150.197 тони** комунален отпад. Направени се **29.479 тури**.Споредено со 2016 година кога беа собрани 148.394 тони и 30.842 тури, бележиме зголемување на собраниот отпад за 1.803 тони, но и намалување кај турите за 1.363 тури.

Од вкупната количина на собран и транспортиран комунален отпад за периодот Јануари - Декември/2017 година, ЈП Комунална хигиена од подрачјето на Град Скопје , односно урбаниот дел собра и транспортира **138.062 тони** , направени се **26.677 тури**.

Остатокот од **12.135 тони** комунален отпад е собран и транспортиран од руралните средини.Направени се **2.802 тури**.

Во Прегледот и графичкиот приказ што следи прикажани се вкупно собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје заедно со руралните средини во 2017 година споредено со 2016 година:

### ПРЕГЛЕД
### На собран и транспортиран комунален отпад за 2017 година по месеци споредени со 2016 година

| МЕСЕЦИ | Собран комунален отпад во 2017 г. (тони) | Број на тури 2017 | Собран комунален отпад во 2016 г. (тони) | Број на тури 2016 | Индекс/Отпад (2:4) | Индекс/Тура (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ЈАНУАРИ** | 9.945 | 2.101 | 10.025 | 2.332 | 99,20 | 90,09 |
| **ФЕВРУАРИ** | 11.049 | 2.156 | 10.575 | 2.438 | 104,48 | 88,43 |
| **МАРТ** | 12.931 | 2.648 | 11.980 | 2.629 | 107,94 | 100,72 |
| **АПРИЛ** | 11.917 | 2.381 | 12.900 | 2.634 | 92,38 | 90,39 |
| **МАЈ** | 13.410 | 2.554 | 12.463 | 2.641 | 107,60 | 96,71 |
| **ЈУНИ** | 13.162 | 2.469 | 12.146 | 2.603 | 108,36 | 94,85 |
| **ЈУЛИ** | 13.767 | 2.613 | 13.074 | 2.653 | 105,30 | 98,49 |
| **АВГУСТ** | 13.441 | 2.616 | 14.324 | 2.793 | 93,84 | 93,66 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 12.796 | 2.538 | 13.551 | 2.664 | 94,43 | 95,27 |
| **ОКТОМВРИ** | 13.209 | 2.671 | 13.487 | 2.652 | 97,94 | 100,72 |
| **НОЕМВРИ** | 12.857 | 2.479 | 12.769 | 2.474 | 100,69 | 100,20 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 11.713 | 2.253 | 11.100 | 2.329 | 105,52 | 96,74 |
| **ВКУПНО** | **150.197** | **29.479** | **148.394** | **30.842** | **101,22** | **95,58** |




Од вкупно собраниот и транспортиран комунален отпад 150.197 тони од градското подрачје собрано е 138.062 тони( 91,92%) и од рурални подрачја 12.135 тон (8,08%). Споредени со 2016 година ком.отпад собран од градското подрачје е поголем за 2.100 тони , а од руралните подрачја е намален за 297 тони и истите сумирани се прикажани во следниот Преглед:

| Подрачје | Собран комунален отпад во 2017 г. (тони) | Стр. | Собран комунален отпад во 2016 г. (тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | | **3** | | **4 (2-3)** | **5 (2:3)** |
| Градско подрачје | 138.062 | 91,92 | 135.962 | 91,62 | **2.100** | **101,54** |
| Рурални подрачја | 12.135 | 8,08 | 12.432 | 8,38 | **-297** | **97,611** |
| **Вкупно:** | **150.197** | **100** | **148.394** | **100** | **1.803** | **101,22** |

**Преглед**
**На собран и транспортиран комунален отпад од Градско подрачје и од Рурални подрачја за период Јануари – Декември/2017 година споредено со 2016 година**

| | **2017 год.** | | | **2016 год.** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месеци** | **Собран и транспортиран отпад од** | | **Вкупно (2+3)** | **Собран и транспортиран отпад од** | | **Вкупно (5+6)** | **Индекс (2:5)** | **Индекс (3:6)** |
| | **Градско подрачје** | **Рурални подрачја** | | **Градско подрачје** | **Рурални подрачја** | | | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** |
| Јануари | 9.195 | 750 | **9.945** | 9.211 | 814 | **10.025** | 99,83 | 92,14 |
| Февруари | 10.137 | 912 | **11.049** | 9.702 | 873 | **10.575** | 104,48 | 104,47 |
| Март | 11.897 | 1.034 | **12.931** | 10.979 | 1.001 | **11.980** | 108,36 | 103,30 |
| Април | 11.042 | 875 | **11.917** | 11.840 | 1.060 | **12.900** | 93,26 | 82,55 |
| Мај | 12.386 | 1.024 | **13.410** | 11.432 | 1.031 | **12.463** | 108,34 | 99,32 |
| Јуни | 12.097 | 1.065 | **13.162** | 11.097 | 1.049 | **12.146** | 109,01 | 101,53 |
| Јули | 12.602 | 1.165 | **13.767** | 11.975 | 1.099 | **13.074** | 105,24 | 106,01 |
| Август | 12.211 | 1.230 | **13.441** | 13.132 | 1.192 | **14.324** | 92,99 | 103,19 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Септември | 11.707 | 1.089 | **12.796** | 12.332 | 1.219 | **13.551** | 94,93 | 89,34 |
| Октомври | 12.070 | 1.139 | **13.209** | 12.370 | 1.117 | **13.487** | 97,57 | 101,97 |
| Ноември | 11.815 | 1.042 | **12.857** | 11.694 | 1.075 | **12.769** | 101,03 | 96,93 |
| Декември | 10.903 | 810 | **11.713** | 10.198 | 902 | **11.100** | 106,91 | 89,80 |
| **Вкупно** | **138.062** | **12.135** | **150.197** | **135.962** | **12.432** | **148.394** | **101,54** | **97,61** |

## Собран и транспортиран комунален отпад по Општини

Количината на собран и транспортиран комунален отпад по Општини е дадена во табелата што следи:

| **ОПШТИНИ** | **2017 г. во тони** | **2016 г. во тони** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4 (2:3)** |
| - Горче Петров | 11.008 | 10.829 | 101,65 |
| - Карпош | 19.026 | 18.917 | 100,58 |
| - Центар | 20.623 | 19.239 | 107,19 |
| - Кисела Вода | 18.465 | 18.124 | 101,88 |
| - Аеродром | 20.345 | 20.654 | 98,50 |
| - Гази Баба | 22.830 | 23.069 | 98,96 |
| - Чаир | 19.971 | 19.693 | 101,41 |
| - Бутел | 10.328 | 10.514 | 98,23 |
| - Шуто Оризари | 7.601 | 7.355 | 103,34 |
| **ВКУПНО:** | **150.197** | **148.394** | **101,22** |

## Собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови

Подигнатиот комунален отпад во зависност од садовите за времено одлагање на истиот во 2017 год. споредени со 2016 год се прикажани во следниот:

**Преглед**
**На подигнат комунален отпад во зависност од садовите каде се одлага комуналниот отпад во 2017 год. споредени со 2016 год.**

| **Видови на садови** | **Подигнат ком.отпад во 2017 г. (во тони)** | **Стр.** | **Подигнат ком.отпад во 2016 г. (во тони)** | **Стр.** | **Разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | | **3** | | **4 (2-3)** | **5 (2:3)** |
| Контејнери од 1.100 л. | 77.564 | 51,64 | 76.510 | 51,56 | 1.054 | 101,38 |
| Пластични садови од 120 л | 59.445 | 39,58 | 59.628 | 40,18 | -183 | 99,69 |
| Контејнери од 5.000 л. | 13.188 | 8,78 | 12.256 | 8,26 | 932 | 107,60 |
| **ВКУПНО:** | **150.197** | **100** | **148.394** | **100** | **1.803** | **101,22** |

Од Прегледот може да се види дека има зголемување кај контејнерите од 1.100 и 5.000 литри, додека минимално намалување бележиме кај садовите од 120 литри.

Вкупно подигнат комунален отпад во 2017 година од контејнери од 1.100 литри изнесува **77.564 тони** и во споредба со 2016 година кога беа подигнати **76.510 тони**, бележи зголемување за 1,38%.

**Подземни контејнери**

Од подземните контејнери во 2017 година подигнати се вкупно **3.374 тони** комунален отпад и во споредба со 2016 година кога беа подигнати **1.682 тони** бележиме зголемување за **100,59%.**

Оваа количина влегува во збирот на подигнат комунален отпад од контејнери од 1.100 литри.

Исто така бележиме зголемување и на собраниот отпад кај садовите од 5.000 литри (стопански субјекти).Зголемувањето во однос на 2016 година изнесува 7,60%.

Кај индивидуалното живеење-домаќинства во 2017 година од пластични канти од 120 литри, подигнато е вкупно **59.445 тони** и во споредба со 2016 година кога беа подигнати **59.628 тони**, бележи минимално намалување од 0,31%.

**Собран и транспортиран комунален отпад од рурални подрачја**

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се **15.262 домаќинства** од населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Чучер Сандево.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично. Во 2017 год. беа ангажирани 8 (осум) специјални возила во зависност од потребите за навремено извршување на работните задачи.

За периодот Јануари - Декември/2017 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува 12.135 тони и споредено со 2016 год. – 12.432 тони бележи намалување за 2,39%.

Во следниот Преглед, како и во графиконот е прикажан и вкупно собран комунален отпад од руралните средини за 2017 година споредени со 2016 год. по месеци:

| Месец | Количина на отпад 2017 г. (во тони) | Број на тури | Количина на отпад 2016 г. (во тони) | Број на тури | Индекс/Отпад (2:4) | Индекс/Отпад (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 750 | 197 | 814 | 226 | 92,14 | 87,17 |
| Февруари | 912 | 204 | 873 | 228 | 104,47 | 89,47 |
| Март | 1.034 | 248 | 1.001 | 251 | 103,30 | 98,80 |
| Април | 875 | 212 | 1.060 | 243 | 82,55 | 87,24 |
| Мај | 1.024 | 239 | 1.031 | 246 | 99,32 | 97,15 |
| Јуни | 1.065 | 237 | 1.049 | 250 | 101,53 | 94,80 |
| Јули | 1.165 | 253 | 1.099 | 251 | 106,01 | 100,80 |
| Август | 1.230 | 267 | 1.192 | 274 | 103,19 | 97,45 |
| Септември | 1.089 | 241 | 1.219 | 252 | 89,34 | 95,63 |
| Октомври | 1.139 | 260 | 1.117 | 242 | 101,97 | 107,44 |
| Ноември | 1.042 | 238 | 1.075 | 251 | 96,93 | 94,82 |
| Декември | 810 | 206 | 902 | 225 | 89,80 | 91,56 |
| **Вкупно:** | **12.135** | **2.802** | **12.432** | **2.939** | 97,61 | 95,34 |
| **Домаќинства** | **15.262** | | **15.262** | | **100,00** | |




Во периодот **од 01.01 до 31.12.2017 година**, од руралните средини на подрачјето на град Скопје собрани се и транспортирани **12.135 тони** комунален отпад и во однос на 2016 год – **12.432 тони** - помалку за 297 тони или за 2,39%.

Бројот на турите во **2017 година** изнесуваат **2.802 тури** и во однос на 2016 година - **2.939 тури** помалку за 137 тури односно за 4,66%.

## Селекција на отпад и трансфер центри

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата, како и хартијата и картонската амбалажа се собира, пресува и складира и истата се предава на Реkологија Нутривет-Пакомак.

Следи Преглед и графички приказ на собрани количини на ПЕТ амбалажа и најлон, хартија, картонска амбалажа за период од 01.01 до 31.12.2017 година споредено со 2016 година:

**Преглед**
**На собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и лименки за период од 01.01 до 31.12.2017 година споредно со 2016 година**

| Месеци/2017 | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр.) |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| Јануари | 0 | 2.440 | 4.100 |
| Февруари | 80 | 6.500 | 1.540 |
| Март | 0 | 0 | 0 |
| Април | 0 | 6.800 | 5.320 |
| Мај | 0 | 0 | 2.880 |
| Јуни | 0 | 4.790 | 1.640 |
| Јули | 520 | 1.400 | 4.320 |
| Август | 143 | 2.040 | 10.460 |
| Септември | 0 | 1.180 | 12.230 |
| Октомври | 0 | 3.360 | 14.380 |
| Ноември | 0 | 3.140 | 20.250 |
| Декември | 162 | 0 | 16.850 |
| ***Вкупно 2017:*** | ***905*** | ***31.650*** | ***93.970*** |
| ***Вкупно 2016:*** | ***1.190*** | ***43.510*** | ***89.280*** |



Од Прегледот може да се забележи намалување на вкупно собраните количини на хартија и картонска амбалажа. За период Јануари-Декември/2017 година собрани се вкупно 31.650 кг. и во однос на 2016 година кога беа собрани 43.510 кг. бележиме намалување за 11.860 кг.

Кај количините на собрана ПЕТ амбалажа бележиме намалување.Во 2017 година собрани се 905 кг. и во однос на 2016 година кога беа собрани 1.190 кг. имаме намалување за 285 кг.

Во 2017 година зголемување имаме само кај собраното стакло – 93.970 кг. споредено со 2016 година кога беа собрани 89.280 кг. стакло бележиме зголемување за 4.690 кг.

Во 2017 година нема собрано количество на лименки.

Предадените количини на ПЕТ амбалажа и најлон, хартија и картонски кутиии на Рекологија Нутривет - Пакомак за разгледуваниот период 2017 година и споредени со 2016 година се прикажани во следните два Прегледи и тоа:

**Преглед**
**на предадена количина на Рекологија Нутривет - Пакомак**
**за период од 01.01 до 31.12.2017 година**

| Месеци/2017 | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 0 | 2.440 | 4.100 |
| Февруари | 80 | 6.500 | 1.540 |
| Март | 0 | 0 | 0 |
| Април | 0 | 6.800 | 5.320 |
| Мај | 0 | 0 | 2.880 |
| Јуни | 0 | 4.790 | 1.640 |
| Јули | 520 | 1.400 | 4.320 |
| Август | 143 | 2.040 | 10.460 |
| Септември | 0 | 1.180 | 12.230 |
| Октомври | 0 | 3.360 | 14.380 |
| Ноември | 0 | 3.140 | 20.250 |
| Декември | 162 | 0 | 16.850 |
| ***Вкупно 2017:*** | ***905*** | ***31.650*** | ***93.970*** |

**Преглед**
**На предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа**
**и лименки за период од 01.01 до 31.12.2017 година споредено со 2016 год**

| Период | Предадено на Рекологија Нутривет-Пакомак | | |
|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) |
| Вкупно: 2017 год. | 905 | 31.650 | 93.970 |
| Вкупно: 2016 год. | 1.190 | 43.300 | 89.280 |
| **Разлика:** | **-285** | **-11.860** | **4.690** |

### Расчистување на диви депонии/напуштен отпад

На територијата на град Скопје ЈП Комунална хигиена во текот на 2017 година, интервенираше во Општините Аеродром,Центар, Карпош и Бутел и од создадените диви депонии отстрани 835 м$^3$ комунален отпад измешан со градежен шут.Во споредба со 2016 година кога беа отстранети 375 м$^3$, бележи зголемување за 460 м$^3$ односно 122,67%.

### ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго) .

**Категоризација**
**На јавните сообраќајни површини на подрачјето**
**на Град Скопје 2017**

| Категорија | Површина- м$^2$ 2017 год. | Стр. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Прва категорија | 422.847 | 6,87 |
| Втора категорија | 1.889.029 | 30,73 |
| Трета категорија | 3.836.715 | 62,40 |
| **Вкупно:** | **6.148.591** | **100** |

Во продолжение следи Преглед на планирани и исчистени површини по Општини и категории за период од 01.01 до 31.12.2017 година.

За период од 01.01 до 31.12.2017 година од вкупно планираната површина 702.255.190 м$^2$ остварено е 622.648.500 м$^2$ или за 11,34% помалку во однос со планираната.

**ПРЕГЛЕД**
**На планирано и остварено по Општини и категории за 2017 година**

| ОПШТИНИ | Вкупно планирано м$^2$ | Вкупно остварено м$^2$ | Стр. на остварено | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | | | | |
| I | 157.040.936 | 138.695.000 | | |
| II | 151.654.308 | 135.562.000 | | |
| III | 8.548.800 | 7.601.000 | | |
| **ВКУПНО** | **317.244.044** | **281.858.000** | **46,07** | **88,85** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **К.ВОДА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 35.488.882 | 32.084.000 | | |
| III | 5.892.172 | 5.552.000 | | |
| **ВКУПНО** | **41.381.054** | **37.636.000** | **6,01** | **90,95** |
| **АЕРОДРОМ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 27.742.260 | 24.626.000 | | |
| III | 12.270.440 | 10.589.000 | | |
| **ВКУПНО** | **40.012.700** | **35.215.000** | **5,75** | **88,01** |
| **КАРПОШ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 94.796.208 | 81.416.000 | | |
| III | 13.261.430 | 11.163.000 | | |
| **ВКУПНО** | **108.057.638** | **92.579.000** | **14,86** | **85,68** |
| **ЧАИР** | | | | |
| I | 19.076.590 | 17.800.000 | | |
| II | 80.403.986 | 71.943.000 | | |
| III | 6.191.250 | 5.877.000 | | |
| **ВКУПНО** | **105.671.826** | **95.620.000** | **14,69** | **90,49** |
| **БУТЕЛ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 18.937.022 | 16.611.000 | | |
| III | 4.149.600 | 3.793.000 | | |
| **ВКУПНО** | **23.086.622** | **20.404.000** | **3,22** | **88,38** |
| **ГАЗИ БАБА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 36.879.856 | 32.539.000 | | |
| III | 10.909.730 | 9.775.000 | | |
| **ВКУПНО** | **47.789.586** | **42.314.000** | **6,59** | **88,54** |
| **Ѓ.ПЕТРОВ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 13.089.050 | 11.676.000 | | |
| II | 4.313.010 | 3.952.000 | | |
| **ВКУПНО** | **17.402.060** | **15.628.000** | **2,58** | **89,81** |
| **Ш.ОРИЗАРИ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 216.580 | 196.000 | | |
| III | 1.393.080 | 1.198.500 | | |
| **ВКУПНО** | **1.609.660** | **1.394.500** | **0,23** | **86,63** |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***702.255.190*** | ***622.648.500*** | ***100*** | **88,66** |

На територијата на град Скопје на јавните сообраќајни површини се поставени 1.984 корпа за отпадоци кои се празнеа според утврдената динамика на празнење на корпите по Општини согласно Оперативната програма за 2017 година.

**Празнење на корпи за отпадоци поставени на јавни сообраќајни површини**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Број на корпи за отпадоци | Динамика на празнење (неделно) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 7 пати (3 x дневно) | 6 пати | 3 пати | 2 пати | 1 пати |
| 1 | Центар | 873 | 355 | 308 | 94 | 116 | - |
| 2 | Кисела Вода | 247 | - | 67 | 61 | 21 | 98 |
| 3 | Аеродром | 248 | - | 112 | 34 | 42 | 60 |
| 4 | Карпош | 234 | - | 82 | 62 | 90 | - |
| 5 | Гази Баба | 140 | - | 34 | 40 | 21 | 45 |
| 6 | Чаир | 150 | - | 64 | 63 | 23 | - |
| 6 | Бутел | 29 | - | - | 29 | - | - |
| 7 | Ш.Оризари | 13 | - | 10 | - | 3 | - |
| 8 | Ѓ.Петров | 50 | - | 25 | - | 25 | - |
| | **Вкупно :** | **1.984** | **355** | **702** | **383** | **341** | **203** |

## II. ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ

Службата за Дополнителни дејности во рамките на ЈП Комунална хигиена во текот на 2017 година ги извршуваше своите работи и работни задачи во кои се опфатени :

- чистење на септички јами,
- подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини, уловување на животни скитници и нивен медицински третман во стационарот на Вардариште ,
- собирање на кабаст отпад и градежен шут.

### Чистење на септички јами

Чистењето на септички јами се врши по барање на правни лица.Во периодот 01.01 до 31.12.2017 година, извршени се вкупно услуги на 15 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 224 м$^3$.Направени се 28 тури.

| ОПИС | 2017 год. | 2016 год. |
|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 15 | 23 |
| - Исчистени м$^3$ | 224 | 300 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е намален за 34,78%, додека количината на исчистени фекални води изразена во м$^3$ е намалена за 76 м$^3$ односно за 25,33%.

**Подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини и уловување на животни скитници и нивен медицински третман во стационарот на Вардариште**

Во Прегледот што следи може да се види бројот на подигнати згазени и умрени животни во текот на 2017 година по месеци споредени со истиот период во 2016 година:

| Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII/2017 | Вкупно I-XII/2016 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 (15:16) |
| Кучиња | 25 | 30 | 28 | 35 | 27 | 25 | 34 | 18 | 26 | 37 | 16 | 34 | 335 | 297 | **112,79** |
| Мачки | 8 | 14 | 28 | 15 | 15 | 10 | 20 | 7 | 8 | 11 | 16 | 14 | 166 | 203 | **81,773** |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 3 | 11 | **27,273** |
| **Вк. мрши:** | **33** | **44** | **56** | **50** | **43** | **35** | **54** | **25** | **34** | **50** | **32** | **48** | **504** | **511** | **98,63** |

Во следниот Прегледот може да се види бројот на заловени и третирани бездомни животни во стационарот Вардариште, по месеци за период од 01.01 до 31.12.2017 година споредени со 2016 година:

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII/2017 | Вкупно I-XII/2016 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 (15:16) |
| **Заловени** | 0 | 161 | 173 | 144 | 113 | 183 | 128 | 42 | 138 | 136 | 119 | 107 | **1.444** | **1.662** | **86,88** |
| **Кастр/Оварх** | 0 | 108 | 106 | 86 | 70 | 138 | 95 | 23 | 111 | 98 | 90 | 83 | **1.008** | **1.045** | **96,46** |
| **Еутаназии** | 0 | 23 | 41 | 34 | 28 | 36 | 26 | 9 | 22 | 18 | 17 | 14 | **268** | **344** | **77,91** |
| **Вдомени** | 0 | 30 | 25 | 24 | 15 | 8 | 7 | 10 | 5 | 20 | 12 | 8 | **164** | **264** | **62,12** |

Во 2017 година Службата за заловување и третман на кучиња скитници заловила вкупно 1.444 бездомни животни и во споредба со 2016 година кога беа заловени вкупно 1.662 животни бележи намалување за 13,12%.

Третирани се 1.008 единки и во споредба со минатата година кога беа третирани 1.045, се бележи намалување за 3,54%.

Намалување во однос на 2016 година се бележи и кај еутанизираните животни.Во 2017 година, констатирана е потреба од еутаназија и истата е извршена на 268 кучиња, во 2016 година била извршена на 344 кучиња односно намалено за 22,09%.

Кај вдомените животни исто така бележиме намалување во однос на 2016 година, кога беа вдомени 264 кучиња , во 2017 година вдомени се 164 кучиња, изразено во проценти изнесува 37,88%, помалку вдомени од минатата година.

Целокупното намалување се должи на тоа што во м.Јануари поради екстремно ниските температури, Службата не вршеше заловување на бездомни животни, односно хируршки интервенции (Кастр./Оварх.) врз веќе заловените кучиња кои се наоѓаа во стационарот Вардариште.

На крајот од годината во стационарот се останати 2 бездомни животни за понатамошен третман.

### Собирање на кабаст отпад и градежен шут

Програмата отпочна со реализација на 17.02.2017 г. со Општина Чаир и траеше заклучно 18.11.2017 г. со Општина Ѓ.Петров. Согласно Програмата се извршија по четири акции во секоја Општина (без Општина Сарај). Во Општина Чаир се реализирани три акции поради тоа што последната планирана акција се совпадна со терминот на акција за генерално чистење на Општината, додека во Општина Гази Баба се реализираа две акции со нивна согласност и барање, а поради неорганизираност на одговорните во истата, во поглед на благовремено информирање на граѓаните.

При тоа се собраа-реализираа вкупно 184 тури (полни возила) со кабаст отпад, односно вкупно 736 м$^3$ или 128.800 кг. кабаст отпад од територијата на урбаниот дел на Град Скопје.

Во следната Табела дадени се реализираните акции по Општини со вкупен број на реализирани тури и количина на собран кабаст отпад во 2017 година споредени со 2016 година:

| Ред. број | Општина | Реализирани акции | Реализирано во број на денови | Вкупно направени тури | Вкупно собрано (м$^3$) | Вкупно собрано (кгр.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Чаир | 3 | 6 | 15 | 60 | 10.500 |
| 2 | Центар | 4 | 8 | 19 | 76 | 13.300 |
| 3 | Аеродром | 4 | 8 | 40 | 160 | 28.000 |
| 4 | Кисела Вода | 4 | 8 | 50 | 200 | 35.000 |
| 5 | Гази Баба | 2 | 4 | 8 | 32 | 5.600 |
| 6 | Бутел | 4 | 8 | 11 | 44 | 7.700 |
| 7 | Ш. Оризари | 4 | 4 | 9 | 36 | 6.300 |
| 8 | Карпош | 4 | 8 | 21 | 84 | 14.700 |
| 9 | Ѓ.Петров | 4 | 8 | 11 | 44 | 7.700 |
| **Вкупно 2017:** | | **33** | **62** | **184** | **736** | **128.800** |
| **Вкупно 2016:** | | **31** | **57** | **380** | **1.330** | **190.000** |

Количината на вкупно собран кабаст отпад во 2017 год. споредбено со 2016 година е помала за 61.200 кгр. или за 32,21%.

Отпадот е транспортиран и истоварен на депонијата Дрисла.

Составот на собраниот кабаст отпад се состои од: мебел и делови од мебел, градежна столарија, електричен отпад-бела техника и електронски отпад.

Структура на кабастиот отпад: дрво, пластична маса, стакло, текстил и метал.

За реализација на Програмата беа ангажирани наменски комунални возила (т.н патарки) кипери од 2,5 $м^3$, работници од Оп.Е. Јавна комунална хигиена и контролори од Еко патрола.

## III. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВОСТИ

### - ЕКО - патрола

Во текот на 2017 година, Еко-патролата има направено вкупно 1.300 записници од кои: 229 за комунален отпад и 1.071 едукативни. Откриени и расчистени се **600 $м^3$** отфрлен градежен отпад и шут и кабаст отпад и гранки.

Во Прегледите што следат може да се види бројот на извршени интервенции во 2017 година по видови записници и по Општини споредни со 2016 година:

**Преглед**
**На извршени интервенции за комунален отпад по Општини**

| Ред. број | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад – 2017 г. | | Записници за комунален отпад – 2016 г. | | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Откриени и расчистени $М^3$ | Број на записници | Откриени и расчистени $М^3$ | Број на записници | (3:5) | (4:6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 63 | 30 | 263 | 88 | 23,95 | 34,09 |
| 2. | Општина Карпош | 50 | 21 | 121 | 47 | 41,32 | 44,68 |
| 3. | Општина Аеродром | 71 | 28 | 99 | 40 | 71,72 | 70,00 |
| 4. | Општина К.Вода | 77 | 27 | 40 | 16 | 192,50 | 168,75 |
| 5. | Општина Чаир | 208 | 75 | 205 | 68 | 101,46 | 110,29 |
| 6. | Општина Бутел | 48 | 20 | 43 | 16 | 111,63 | 125,00 |
| 7. | Општина Гази Баба | 44 | 15 | 67 | 26 | 65,67 | 57,69 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 35 | 11 | 45 | 14 | 77,78 | 78,57 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно записници:** | **600** | **229** | **883** | **315** | **67,95** | **72,70** |

**Преглед**
**На извршени интервенции – едукативни записници**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Едукативни записници во 2017 г. | Едукативни записници во 2016 г. | Индекс (3:4) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Општина Центар | 193 | 175 | 110,29 |
| 2. | Општина Карпош | 177 | 167 | 105,99 |
| 3. | Општина Аеродром | 154 | 101 | 152,48 |
| 4. | Општина К.Вода | 138 | 82 | 168,29 |
| 5. | Општина Чаир | 151 | 126 | 119,84 |
| 6. | Општина Бутел | 81 | 34 | 238,24 |
| 7. | Општина Гази Баба | 99 | 73 | 135,62 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 68 | 51 | 133,33 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 10 | 0 | 0 |
| **Вкупно записници** | | **1.071** | **809** | **132,39** |

**- Дежурен телефон**

Во текот на 2017 г. на дежурниот телефон биле регистрирани 590 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (526 јавувања).

**- Еколошка едукација**

Службата за Развој која е дел од Секторот за ИТ и Развој, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во текот на 2017 година реализирани се еко часови во 19 основни училишта во Општините Кисела Вода,Бутел,Чаир и Карпош.Со едукација беа опфатени 980 ученици кои преку презентации и нагледни материјали се запознаа со процесот на селекција на отпадот.

Исто така беа едуцирани и децата од предучилишните установи и тоа вкупно 769 деца од 18 градинки.

**ПРЕГЛЕД**
**На реализирана едукација по Општини за 2017 година**

| Месец | Општина | Бр.на училишта | Бр.на ученици | Бр.на градинки | Бр.на деца | Вкупно едуцирани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Март | Бутел | 1 | 39 | 0 | 0 | 39 |
| | Кисела Вода | 0 | 0 | 1 | 47 | 47 |
| Април | Бутел | 1 | 55 | 0 | 0 | 55 |
| | Чаир | 1 | 73 | 2 | 114 | 187 |
| Мај | Чаир | 3 | 208 | 5 | 193 | 401 |
| Јуни | Чаир | 3 | 156 | 0 | 0 | 156 |
| Октомври | Карпош | 4 | 222 | 4 | 158 | 380 |
| Ноември | Карпош | 5 | 177 | 3 | 139 | 316 |
| Декември | Карпош | 1 | 50 | 3 | 118 | 168 |
| **Вкупно:** | | **19** | **980** | **18** | **769** | **1.749** |

## V.ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Во организација на Град Скопје, во соработка со Општините и Јавните претпријатија на 23.11.2017 година, започна масовната акција за генерално чистење на главниот град.

ЈП Комунална хигиена Скопје, акцијата ја стартуваше од Општина Бутел со времетраење од два дена, по што продолжи и во останатите скопски општини.

Во текот на акцијата се изврши метење и машинско перење на сите главни и општински улици, како и расчистување диви депонии (отпад главно од градежен шут и кабаст отпад).

За спроведување на акцијата дневно беа ангажирани приближно 100-150 работници од ЈП Комунална хигиена Скопје, додека од механизацијата беа употребени: осум автоцистерни, шест специјални комунални возила – метлачки, четири специјални комунални возила – патарки и два утоварувачи.

Акцијата траеше заклучно со 13.12.2017 година и беше спроведена во сите урбани скопски општини :

| Општина | Отстранет отпад во $м^3$ |
|---|---|
| Бутел | 270 |
| Шуто Оризари | 700 |
| Чаир | 150 |
| Гази Баба | 734 |
| Аеродром | 250 |
| Кисела Вода | 250 |
| Центар | 100 |
| Карпош | 190 |
| Ѓ.Петров и Сарај | 160 |
| **Вкупно:** | **2.804** |

**Изработил:** **Служба за Централно планирање**
**Емилија Владимирова**